Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје**, го дава следното:**

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран проектен опфат на Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 02, дека Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на:

## Јавна презентација и Јавна анкета

Површината на проектниот опфат изнесува 28.95ха, со следни граници на проектен опфат:

- Север: границата започнува од пресек на Градска магистрала бул. Илинден „А" А.04-С. 06 и граница на опфат на ГУП на град Скопје 2012-2022 и се движи како што следува:
- Исток: границата се движи по граница на опфат на ГУП на град Скопје 2012-2022, па осовина на река Лепенец.
- Југ: границата се движи по осовината на собирната улица „Новопланирана собирна улица 15" т.е. се граничи со СЗ 07.
- Запад: границата се движи по осовината на Градска магистрала бул. Илинден „А" А.04-С. 06 т.е. се граничи со СЗ 01.

- Јавната анкета ќе трае 10 работни од 04.11.2016год. до 18.11.2016год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вест" и „Утрински весник", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавната анкета предлог деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 02 ќе биде изложен во просториите МЗ Ново Село и УЗ Даме Груев, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08.$^{00}$ до 16.$^{00}$ часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вест" и „Утрински весник", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 09.11.2016 (среда) во 14$^{00}$ часот во просториите на УЗ Даме Груев, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 09.11.2016 (среда) во 15$^{00}$ часот во просториите на УЗ Даме Груев.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставaт забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број 09-3247/3**
**од 18.04.2016 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Општина Ѓорче Петров